ОКТА
МЕМО

0202- 1115/21-5
22.04.2021

Врз основа на член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје до Собрание на акционери поднесува

**ИЗВЕШТАЈ**
**За работата на Одборот на директори на ОКТА во 2020**

I.
Одборот на директори согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности во името на Друштвото.
Одборот на директори во текот на 2020 година одржа 10 состаноци и донесе 20 одлуки и 6 заклучоци.

II.
На одржаните состаноци Одборот на директори ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања.
Во текот на 2020 година на состаноците на Одборот на директори присуствуваа раководни лица по соодветна функција со цел да ги образложат извештаите и материјалите доставени на состаноците. По принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии по однос на материјалите за состаноците и за сите значајни прашања.
Сите членови на Одборот на директори активно учествуваа и соработуваа позитивно за остварувањата на Друштвото во 2020 година.

III.
Одборот на директори согласно член 415-в од Законот за трговските друштва го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото.
Службата за внатрешна ревизија, како независна организациона единица, поднесе и Годишен извештај за својата работа за 2020 година на состанокот одржан на 25.02.2021 година.
Одборот на директори е на мислење дека Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, кои по обем и динамика се во согласност со одобрениот Годишен план за работа за 2020 година. На состанокот одржан на 25.02.2021 година, Одборот на директори донесе Одлука за одобрување на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија.
Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година е приклучен кон документите кои се доставуваат на увид на Собранието на акционери на ОКТА.
Одборот на директори согласно член 415-б од Законот за трговските друштва го разгледа Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за 2021 година и истиот го одобри.

IV.
Согласно член 480 став 2 од Законот за трговските друштва, Одборот одржа состанок на 25.02.2021 година на кој се разгледаа неревидираните Финансиските извештаи, Годишниот извештај и Годишната сметка за годината која заврши на 31 декември 2020.

ОКТА
MEMO

Според Мислењето на независните ревизори, издадено на 24 март 2021 година, финансиските извештаи на ОКТА АД – Скопје за годината која заврши на 31 декември 2020, во сите материјални аспекти се подготвени во согласност со сметководствената регулатива на Република Северна Македонија. Ревизијата беше извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија на Република Северна Македонија.

Исто така Одборот на директори ги разгледа и ревидираните Финансиски извештаи, Годишната сметка на Друштвото за 2020 година, Годишниот извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2020 и предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2020 година, предлог-одлуката за покривање на загубата остварена во 2020 година и му предлага на Собранието на акционери на ОКТА, на Годишното Генерално Собрание да донесе одлуки со кои ќе се одобрат и усвојат истите.

V.
Работењето на Одборот на директори во текот на 2020 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје.

22.04.2021 година

Во име на ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
Дионисиос Роутсис
Претседател

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво